| Показатели на успех на програмата: обезбедување сигурност и заштита во заведувањето распоредувањето на предметите и тоа од доставување на писмената, прием, отварање прегледување на писмена, поднесоци, документи и податоци во електронска форма, работа на архивата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во однос водење на уписниците, образување на предмети, предавање на предметите во работ прераспределба на предметите, извршувањето и наплатата на предметите и архивирање предметите | |
| Програмата е: хоризонтална х вертикална | |
| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: со обезбедените финансиски средства национално кофинансирање за ИПА III Проект за техничка помош ,, Засилена дигитализаци на државните институции во областа на правосудството и борбата со корупција ќе се постиг развојот на системот за управување со предмети и развој на веб-страницата на Државно правобранителство | |
| Потпрограма 1: **Обнова на информатичка опрема** | Показател на успешност: брзо и ефикасн спроведување на управувањето, сигурноста заштитата во заведувањето и распоредувањето предметите кои се водат во Државно правобранителство на Република Северн Македонија |
| **Потпрограма 2: Одржување и поддршка на опремата и софтверот** | **Показател на успешност: намалување трошоците за одржување на информатичка опрема од надворешни правни лица** |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 3: Обновување на веб-страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија** | **Показател на успешност: Пристап до пове информации за Државното правобранителст на Република Северна Македонија.** |

| **ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Б: 2.1 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА** | | | | | | |
| **Резултат1: План за спроведување** | | | | | | |
| **Активност:** | **Одговорни** | **Консулти рани** | **Времен ска рамка почеток** | **Времен ска рамка крај** | **Потреб ни ресурс и човечк и** | **Потребни ресурси финансиски** |
| **објавување на оглас, избор на најдобар понуд увач и набавка на**<br><br>**компјутерска опрема, систм за управување со предмети и веб страна преку ИПА III Проект** | **Советник за јавни набавки, и Комисија за јавни набавки** | **Државен правобра нител на Републик а Северна Македони ја** | **01.01.20 26**<br><br>**01.01.20 26** | **31.12.20 26**<br><br>**31.12.20 26** | **41 нови вработ увањ на јавен оглас ,35 унапре дување** | **14.928,720 денари за вработување и унапредување.**<br><br>**2026 година**<br><br>**2.018.000,00 денари за систем за управување со предмети и веб страна преку ИПА 3 Проект**<br><br>**Вкупен износ за 2026 година 2.018.000,00 денари ( и тоа за интернет пристап износ** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 01.01.2026 | 31.12.2026 | | од 1.000.000,00 денари,<br><br>Адаптација на центарот за податоции мрежата на ДП во Скопје во износ од 200.000,00 денари<br><br>Поделба на мрежата на повеќе подмрежни и воведување на контролиран пристап во износ од 309.000,00 денари и Изработка на ИКТ во износ од 309.000,00 денари<br><br>Купување на опрема и мажини во износ од 200.000,00 денари |
| | | | 01.01.2027 | 31.12.2027 | | 10.342.000,00 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| Обука за вработените | Сектор за управување со човечки ресурси | Државен правобранител на Република Северна Македонија | 01.01.2026 | 31.12.2026 | | **Патување во земја и сместување 600.000,00** |
| Вкупно активности во тековната година | | | | | | **2.018.000,00 денари** |
| Вкупно активности во следната година | | | | | | **10.342.000,00 денари** |
| Вкупно активности во година 2 | | | | | | |
| Вкупно за резултат 2 | | | | | | |

## 2. 2 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| **ПРОГРАМА** | **Резиме на потреба од нови вработувања** | **Резиме на потреба од унапредувања на вработените** | **Резиме на потреба од обуки** |
|---|---|---|---|
| Програма - Правна заштита на имотните права и интереси на РСМ и државните органи | Соработник за информативен систем за апликативни и хардварски решенија и база на податоци<br><br>Виши референти-Архивари (4)<br><br>Самостоен референт-технички секретар на Државниот | Раководител на Одделение за буџетска координација, буџетска контрола, координација на јавни набавки, стратешко планирање и следење (1) | **3 семинари заради усогласување на постапување по предмети во сите подрачја на вршење на надлежност на ДП, обуки согласно измените на закони во областа на буџетско работење, јавни набавки архивско работење, процесно право и** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | правобранител на Република Северна Македонија (1)<br><br>Референти (7) | | **постапките од областа на човечки ресурси, заштита на животната средина,надворешни обучувачи**<br><br>**Билатерални средби со државни правобранителства од регионот и од други држави каде што е воспоставен ваков државен орган** |

| **2.3 ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ** | | |
|---|---|---|
| **2026**<br><br>**очекувано влијание**<br><br>**Вработување на административни службеници** | **2027**<br><br>**очекувано влијание**<br><br>**Вработување на административнислужбеници** | **2028**<br><br>**очекувано влијание**<br><br>**Вработување на административни службеници** |
| | | |

## 2.4 РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА

| **РИЗИК** | **ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ** | **ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ** | **МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ** |
|---|---|---|---|
| Неодржување на системот,нераспределување на предметите, неправилна заштита во заведувањето на предметите | ниска | високо | Одржување на системот, правилно распоредување на предметите, целосна заштита во заведувањето на предметите |

| **3. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ** | | |
|---|---|---|
| **2025** | **2026** | **2027** |
| **Во стратешкиот план на Државното правобранителство на Република Северна Македонија утврдени се стратешките принципи за еднакви можности на жените и мажите.** | **Државното правобранителство на Република Северна Македонија ќе продолжи да ги следи утврдените принципи за еднакви можности на мажите и жените.** | **Државното правобранителство на Република Северна Македонија ќе продолжи со почитување на принципот на еднакви можности на мажите и жените во сите нивоа на програмите, потпрограмите, мерките и активностите.** |

| Работно место | **Високо** | | **Вишо** | | **Средно** | | **Основно** | | **ВКУПНО** | | **Вкупно вработе во орган** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мажи ии** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | |
| **Именувани** | 28 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28 | 30 | |
| **Генерален секретар** | | 1 | | | | | | | | 1 | |
| **Раководни** | | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 3 | |
| **Нераководни** | 36 | 47 | 0 | 0 | 10 | 21 | 1 | 0 | 47 | 68 | |
| **Вкупно:** | 64 | 81. | 0 | 0 | 10 | 21. | 1 | 0 | 75 | 102 | |

## 4 РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ

| 2026 Планирани активности | 2027 Планирани активности | 2028 Планирани активности |
|---|---|---|
| ***Стратешко планирање/подготвување на Буџетот*** | | |
| За спроведувањето и реализацијата на Стратешкиот план надлежен е Советник за следење на страштешки план.<br>Подготвувањето на Буџетот во ДПРСМ се реализира од страна на Секторот за финансиски прашања во кое е формирано Одделение за буџетска координација, буџетска контрола и координација на јавни набавки согласно мерките и активностите предвидени во стратешкиот план, а во функција на | | |

| | | |
|---|---|---|
| остварувањето на стратешките приоритети и цели на Влада на Република Северна Македонија | | |
| ***Извршување на буџетот и управување со средства***(во рамките на Секторот за финансиски прашања, Одделение за буџетска координација, буџетска контрола и координација на јавни набавки ја следи реализацијата на буџетот) | | |
| *Спроведување на обуки на вработените во функција на извршување и управување на буџетот<br>*електронска евиденција на попис на основни средства | *Кадровско доекипирање на Сектор за финансиски прашања<br><br>* Спроведување на обуки на вработените во функција на извршување и управување на буџетот | * Спроведување на обуки на вработените во функција на извршување и управување на буџетот |
| ***Управување со човечки ресурси*** | | |
| *спроведување на обука на вработените<br>*извештај за спроведената обука<br>*оценување на државните службеници<br>*подготвување на извештај за годишно оценување | *Кадровско доекипирање на Сектор за управување со човечки ресурси<br>* спроведување на обука на вработените<br>* извештај за спроведената обука<br>* оценување на државните службеници<br>* подготвување на извештај за годишно оценување | *спроведување на обука на вработените<br>*извештај за спроведената обука<br>* оценување на државните службеници<br>* подготвување на извештај за годишно оценување<br><br>- Спроведување на усвоени годишни планови за вработување и спроведување на постапки за вработување<br>-Подготвување извештаи за спроведување на Годишните планови за вработување |
| ***Внатрешна ревизија***<br>**2026** | **2027** | **2028** |
| - Кадровско доекипирање(вработување на едно лице - ревизор | Изготвување на Стратешки и годишен план за спроведување на ревизии; | -Изготвување на Стратешки и годишен план за спроведување на ревизии;<br>- Континуирана надградба на |

| | | |
|---|---|---|
| | - Континуирана надградба на вработените преку посета на работилници и семинари; | вработените преку посета на работилници и семинари; |
| **Правни,општи и заеднички работи** | | |
| *Управување на движење на предметите кое претставува превземање на дејствија од страна на Државниот правобранител на Република Северна Македонија, државните правобранители, Раководителите на секторите и на одделенијата, административните службеници од денот на приемот на писмената во ДПРСМ до денот на архивирање на предметите<br>*кадровска доекипираност<br>*одржување на 2 семинари на државни правобранители, за стручен и стручно административен кадар,<br>Билатерални средби со државни правобранителства од регионот и од други држави каде што е воспоставен ваков државен орган | * кадровска доекипираност во Сектор за правни, општи и заеднички работи<br>* одржување на 2 семинари на државни правобранители, за стручен и стручно административен кадар,<br>Билатерални средби со државни правобранителства од регионот и од други држави каде што е воспоставен ваков државен орган | * кадровска доекипираност во Сектор за правни, општи и заеднички работи<br>* одржување на 2 семинари на државни правобранители, за стручен и стручно административен кадар,<br>Билатерални средби со државни правобранителства од регионот и од други држави каде што е воспоставен ваков државен орган |

## 5. РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| Непреземање мерки за правна заштита на имотните интереси на РСМ и државните органи, неспроведување јавни набавки за потребните материјали за работа на ДПРСМ, недоволна екипираност на кадровскиот персонал | ниска | високо | Навремено постапување по сите предмети согласно законските прописи, спроведување на регуларни јавни набавки, објавување огласи за вработувања, обука на административните службеници |

**Во делот 1.12. дадени се следните прилози:**

### 1.12.1. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

Во остварување на своите надлежности Државното правобранителство на Република Северна Македонија успешно ги заштитува имотно правните интереси на Република Северна Македонија и државните органи. За тоа оствари успешна соработка со органите и државните институции чии интереси ги застапува пред судовите и другите органи.

Со склучувањето на Протоколот за начинот и постапката за доброволно исполнување на парична обврска по основ на правосилни судски одлуки, судски порамнувања или вонсудски спогодби, одлуки и порамнувања во управна постапка, нотарски исправи и други извршни исправи предвидени со закон кога како должник се јавува Република Северна Македонија, помеѓу Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Министерството за финансии, се спречи одлевање на буџетски средства за присилно извршување пред извршител и течење на камати.

## 1.12.2. ИСТОРИЈАТ

Јавното правобранителство за првпат како институција е основано на 11 мај 1952 година со Законот за Јавното правобранителство ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 24/52).

. Со донесувањето на Законот за Јавното правобранителство ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/55) престанува да важи Законот за Јавното правобранителство основано со законот објавен во "Службен лист" бр. 24/52)

За првпат материјата за Јавното правобранителство како републички пропис е регулирана во Законот за Јавното правобранителство ("Службен весник на СРМ" бр. 19/66) , кој Закон престанува со Законот за Јавното правобранителство ("Службен весник" бр. 9/77). Според одредбите на овој Закон, Јавното правобранителство е орган на Републиката, на општините и на Град Скопје, кој превзема мерки и правни средства определени со Закон заради правна заштита на имотните права и интереси и врши и други права и должности определени со Закон.

Со донесување на Законот за Јавното правобранителство ("Службен весник на РМ" бр. 47/97) престанува да важи Законот за Јавното правобранителство ("Службен весник на СРМ" бр. 9/77) , и општинските јавни правобранителства и Јавното правобранителство на град Скопје престануваат со работа со денот на примената на овој Закон 01.01.1998 година , а Јавното правобранителство на Република Македонија продолжува со работа како служба на Владата на Република Македонија.

Со овој Закон Јавното правобранителство се основа како служба на Владата на Република Македонија која превзема со Законот определени мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши и други работи утврдени со Закон.

Со одлука на Владата објавена во "Службен весник на РМ" бр. 57/97 се утврдува бројот на подрачјата за вршење на Јавно правобранителската функција и тоа: Скопје, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Кичево, Куманово, Кавадарци, Охрид, Прилеп, Струмица, Струга, Тетово и Штип. Со донесувањето на Законот за Државното правобранителство ("Службен весник на РМ" бр.87/07) со денот на започнувањето на примената на овој Закон престанува да важи Законот за Јавното правобранителство ("Службен весник на РМ" бр.41/97) и Јавното правобранителство на Република Македонија продолжува со работа како Државно правобранителство.

Според одредбите на Законот , Државното правобранителство на Република Северна Македонија е државен орган кој превзема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг Закон.

Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, Законот и ратификуваните меѓународни договори.

Функцијата на Државното правобранителство ја врши Државниот правобранител на Република Северна Македонија и Државните правобранители во Државното правобранителство.

Државниот правобранител по предлог на Министерството за правда го именува Владата на Република Северна Македонија за време од 6 години со право на повторен избор, Државните правобранители ги именува Владата на Република Северна Македонија по претходно прибавено мислење од Државниот правобранител без ограничување на мандатот.

Владата на Република Северна Македонија по предлог на Државниот правобранител со Одлука го определува бројот на Државните правобранители и донесува Одлука со која го утврдува седиштето на Државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши Државноправобранителската функција.

Согласно Одлука бр.19-6641/1 од 2 јануари 2008 година на Владата на Република Македонија, ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/08), утврдени се 15 седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција и тоа во Скопје, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип, Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга, Кичево, Гостивар и Охрид.

Со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција бр.41-148/1 од 8 февруари 2022 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.30/22), утврдени се 16 (шеснаесет) седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција, односно се утврдува ново седиште на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Основниот суд во Дебар.

Со Одлука бр.19-6641/2 од 02 јануари 2008 година на Владата на Република Македонија определен е бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија при што за подрачје Скопје се определени 10 (десет) државни правобранители, за подрачје Гостивар 3 (три) државни правобранители, за подрачјата Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга и Кичево по 2 (два) државни правобранители и за подрачјата Охрид, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица и Штип по 1 (еден) државен правобранител. Со Одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија на Владата на Република Македонија бр.44-1033/1 од 20 Ноември 2018 година за подрачје Скопје се определени 12 ( дванаесет) државни правобранители.Со Одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија на Владата на Република Северна Македонија бр.45-5748/1 од 26 август 2019 година во сите подрачја на Државното правобранителство на Република Северна Македонија предвидени се 56 (педесетишест) државни правобранители, од кои 18 (осумнаесет) за Државното правобранителство за подрачје Скопје, за подрачјето: Охрид, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип и Прилеп се определуваат по двајца државни правобранители. За подрачјето: Битола, Тетово, Струга, Кичево, Кочани и Велес се определуваат по тројца државни правобранители.За подрачјето Гостивар и Куманово се определуваат по четворица државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Со Одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на државни правобранители во Државно правобранителство на Република Северна Македонија бр. 41-931/5 од 13.02.2024 година на Владата на Република Северна Македонија објавен во Службен весник на РСМ бр.44/24 од 22.02.2024 година**

**предвидени се 62 (шеесет и два) државни правобранители, од кои за подрачје Дебар се определува еден државен правобранител, во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјата Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип се определуваат по двајца државни правобранители, во Државно правобранителство на Република Северна Македнија за подрачјата Охрид, Битола, Велес и Кочани се определуваат по тројца државни правобранители, во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјата на Гостивар, Струга, Тетово и Кичево се определуваат по четворица државни правобранители, во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето Куманово се определуваат пет државни правобранители и во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето Скопје се определуваат 18 државни правобранители .**

Со Правилник Дел бр. 08-1437/7 од 14 јули 2008 година на Министерот за правда, утврдена е формата и содржината на образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација на Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители.

За овој Правилник Државното правобранителство на Република Северена Македонија побара од Министерството за правда да изврши измена согласно измените во Законот за грбот и Уставот на Република Северна Македонија, меѓутоа Правилникот сеуште нема измени .

## 1.12.3. ЗАКОНИ ВРЗ КОИ СЕ БАЗИРА РАБОТЕЊЕТО

Работењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се базира врз следните закони:

- Закон за Државно Правобранителство (Сл.весник на Р.М. бр. 87/07 и 104/15) и Службен весник на РСМ бр,.53/24
- Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (сл. весник на Р.М. бр. 4/05,13/07,165/08,146/09,18/11,51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18, 122/21),
- Закон за денационализација (сл. весник на Р.М. бр. RM бр. 20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/2010, 55/13, 33/15, 104/15),
- Закон за градежно земјиште (сл. весник на Р.М. бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19),
- Закон за земјоделското земјиште (сл. весник на Р.М. бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 178/21 и 91/23)
- ,Закон за експропријација (сл. весник на Р.М. бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 и 111/23)

- Закон за домување (сл. весник на Р.М. бр. 99/09, 57/10,36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20 и 150/22),
- Закон за продажба на станови во општествена сопственост („Службен лист на СФРЈ“ бр. 36/90, и „Службен весник на Република Македонија“ 62/92, 7/98, 24/03, 24/11 и 144/14)
- Закон за нотаријатот (сл. весник на Р.М. бр. 72/16, 142/16, 233/18),
- Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (сл. весник на Р.М. бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06,84/07,123/12, 25/15),
- Закон за ловството (сл. весник на Р.М. бр. 26/09, 82/09, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15, 83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21, 283/21 и 91/23),
- Закон за постапување по претставки и предлози (сл. весник на Р.М. бр. 82/08,13/13, 156/15, 193/15)
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (сл.весник на РСМ бр.101/2019)
- Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и Сл.весник на РСМ бр.101/19, 275/19 и 122/21)
- Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка (Сл.весник на РСМ бр.53/24)

### 1.12.4. АНАЛИЗА НА ОБЛАСТА НА ДЕЛУВАЊЕ

Државното правобранителство на Република Северна Македонија во областа на своето делување ја застапува Република Северна Македонија и нејзините органи пред судовите и други органи при што ги презема сите мерки и правни средства по сите основи. Државното правобранителство врши застапување на закажани рочишта, поднесува тужби, одговори на тужби, поднесоци, поднесува редовни и вонредни правни средства.

Во превентивната постапка Државното правобранителство на Република Северна Македонија презема потребни дејствија заради испитување и одлучува за основаноста на преземање на одредени правни дејствија по барања на државни органи.

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Државното правобранителство на Република Северна Македонија се јавува како законски застапник на Република Северна Македонија и нејзините органи, се по најразлични основи, од кои како најчести и позначајани може да се споменат следниве:

- Спорови за утврдување на право на сопственост на недвижен имот:

-Спорови за надомест на материјална и нематеријална штета и тоа по основ на неоправдано осудени или неосновано лишени од слобода лица, заради противправно одземање на предмети во кривична и прекршочна постапка, како и надомест на штета по други основи;

- Спорови во врска со поништувањето на договори кои ги склучила Република Северна Македонија, особено: договори склучени во постапките за отуѓување или давање под закуп на државен имот (градежно земјиште, земјоделско земјиште), договори склучени во постапките за јавна набавка и други договори каде како договорна странка се јавува Република Северна Македонија или некој нејзин орган, доколку постојат законски основи за нивно поништување;
- Спорови во врска со наплата на долгови по најразлични основи, било во случај Република Северна Македонија или нејзин орган да се јавува во својство на доверител или должник;
- Работни спорови во кои најчесто државните органи се тужени заради спроведена постапка и донесени одлуки по дисциплински постапки, исплата на додатоци на плата за прекувремена работа од различни односи-ноќна работа, работа во смени, работа на празник, работа со висок ризик и др.
-Спорови за утврдување оспорено право во стечајна постапка.

Согласно член 56 од Законот за нотаријат, улогата на Државниот правобранител во давање на мислења е од големо значење. Имено, ако е во прашање потврдување на исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, како една од договорните страни се јавува Република Северна Македонија, нотарот е должен да испита дали е прибавено мислење од Државниот правобранител. Доколку за приватната исправа не е прибавено мислење од Државниот правобранител, нотарот ќе го извести за тоа Државниот правобранител и ќе го одложи потврдувањето на исправата додека не биде дадено мислењето, а најдоцна за 30 дена. Ако Државниот правобранител не даде мислење во определениот рок, нотарот ќе го изврши потврдувањето на исправата како да е дадено мислење. Исправите потврдени спротивно на одредбите на овој член немаат сила на јавна исправа и се сметаат за апсолутно ништовни.

Државното правобранителство како законски застапник на Република Северна Македонија во стечајните постапки учествува како доверител во случаевите кога по известие добиено најчесто од Управата за јавни приходи, Државното правобранителство поднесува барање за отворање на стечајна постапка, односно во отворена стечајна постапка поднесува стечајни побарувања кои ги има некој од државните органи во Република Северна Македонија или Република Северна Македонија спрема стечајниот должник. Во стечајната постапка пред судовите, Државното правобранителство зема активно учество штитејќи ги имотните права и интереси на Република Северна Македонија кога таа или нејзин орган се јавува како доверител во стечајна постапка . Во случаите кога се работи за поголемо побарување што Република Северна Македонија го има пријавено во стечајната маса, тогаш Државното правобранителство учествува во работата на Одборот на доверители.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија преку државните правобранители, превзема соодветни мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија. Во сите случаи кога се констатираат повреди на имотните права и интереси на Републиката во процесот на денационализција, се поднесуваат тужби до Управниот суд, односно жалби до Вишиот управен суд

Државниот правобранител на Република Северна Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози согласно кој има определено лице кое постапува по претставките и предлозите.

Државниот правобранител на Република Северна Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно кој се определени службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или располага Државното Правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надлежности во сите 16 подрачја во кои се обавува државно првобранителската функција. Доставен е Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2023 година до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Списокот на лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага Државното правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надлежности во сите 16 Подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција е објавен на веб страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Државното правобарнителство на Република Северна Македонија согласно новодонесениот Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка е државен орган која ги води овие постапки со што се потврдува важноста на овој орган во правосудниот систем.

### 1.12.5. PEST АНАЛИЗА

Стратешкиот план на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се заснова на реална и објективна спроведена оценка на состојбите на политички, економски, социјален и технолошки план, па врз основа на идентификација на овие фактори, нивното влијание врз работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија е наведено како следи:

| Политички фактори | Економски фактори | Социокултурни фактори | Технолошки фактори |
|---|---|---|---|
| **- Политиките на Владата,<br>- Внатрешна политичка состојба,<br>- Функционирање на системот,<br>- Поделба на власта, демократија, владеење на правото,** | **-Влијание на економската глобализација на националниот пазар<br><br>--Општата економска состојба во** | **-Состојба со медиумите<br><br>-Етнички и религиски фактори<br><br>Меѓуетничка толеранција и** | **Достапност на технолошки информации, комуникација и едукација,<br><br>- Странска техничко-технолошка** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - **Имплементација на политики,**<br>- **Партизација, корупција, непотизам**<br><br>- **Бирократизација на администрацијата (ефикасност),** | **светот,**<br><br>**--Екологија и заштита на човековата околина,**<br><br>**-Странски директни инвестиции,** | **соработка** | **помош,**<br><br>**-Алтернативи и нови технологии,**<br><br>**-Фискални и други системски мерки за аплицирање на нови технологии,** |

### 1.12.6. SWOT АНАЛИЗА

Во рамките на анализата на состојбата користени се техниките на SWOT анализата, која претставува анализа и самооценување на капацитетите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Во рамките на SWOT анализата опсервирана е институцијата и нејзината внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите, човечките и материјалните ресурси, ИТ и друга опрема.

Анализирани се тековните состојби од аспект на вршење на задачите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

SWOT анализата како техника за идентификување на силните и слабите страни, на предизвиците и заканите, е искористена со цел да се предвидат активностите што треба да се превземат за да се подобрат силните страни, да се елиминираат слабостите, да се искористат предизвиците.

При разгледувањето на SWOT анализата треба да се земе предвид дека одредени слаби страни или закани, со правилно насочување можат да бидат претворени во силни страни и предизвици, кои Државното правобранителство на Република Северна Македонија може да ги искористи за подобрување и постигнување предност во севкупниот развој.

SWOT анализата се искористи како корисна алатка, со која е направено скенирање на внатрешните влијанија, делот на опкружувањето во кое делува Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

| **Силни страни:** | **Предизвици:** |
|---|---|
| -Законската надлежност на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во голем број постапки по сите основи<br>-Етаблирана современа организациска структура, која е ефективна и функционална<br>-Стручен, компетентен кадар со смисла за тимска работа и системски пристап во работењето<br>-Едуциран и обучен кадар, со кредибилитет, квалитет, одговорност, ефикасност во вршење на државноправобранителската функција<br>- државноправобранителската функција ставена во служба на заштита на интересите на државата како нејзин давател на услугите<br>- Искуството во областа на законитост, стручност и ефикасност, поврзано со заштита на имотните права и интереси на државата<br>- Постојана тенденција за подобрување на квалитетот на давање на стручни мислења<br>-Отвореност кон промени и подобрување на квалитетот на вкупното работење<br>-Одважност и посветеност на вработените | -Делегирање на задачите, правата, обврските, надлежностите и одговорностите<br>- Подигање на менаџерските способности на сите нивоа во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ;<br>-Воспоставување на современ систем на менаџирање со човечки и материјални ресурси<br>-Донесување на нов Закон за Државно правобранителство,<br>-Поттикнување и зголемување на мотивацијата и намалување на отпорот кон промени<br>-Зајакнување на капацитетите за стратешко планирање<br>-Зајакнување на соработката со сите институции<br>-Поттикнување на развојот и опремување со ИТ технологија |
| **Слаби страни:** | **Закани:** |
| -Недоволна обука за користење на ИТ технологија<br>-Недостиг на кадар од информатичка технологија.<br>-Недостиг од континуирана обука на дел од вработените<br>-Недостаток од кадар<br>-Потреба од стручно усовршување-посета на семинари<br>-Недоволни ресурси, опременост, база на | -Честото менување на законската регулатива и кратките рокови за нејзина имплементација<br>-Неможност за квалитетно следење на ИТ технологијата и примена на истите во делот на работењето |

| | |
|---|---|
| податоци,аналитички пристап во следењето на појавите и перманентна евалуација на организацијата и методологијата на работа,<br>-немање на потребен деловен простор за сместување на вработените ; | |

### 1.12.6. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Работењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се заснова на следните принципи: независност, ефикасност, ефективност, професионалност, стручност, квалитет во постапувањето на предметите, посветеност, усогласеност (координација).

Независност во одлучувањето по предмети (без влијанија од опкружувањето, политички и др.)

Ефикасноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се заснова на навремено постапување по предметите согласно законските рокови.

Ефективноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се должи на успешно решавање на што поголем број на предмети.

Професионалноста се должи во законско постапување по предметите со примена на објективниот критериум.

Стручноста во постапувањето по предмети се темели на познавање на законски прописи од областа на предметната работа и следење на измените на истите.

Квалитетно извршување на задачите значи квалитетна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија. со превземање на сите правни мерки и дејствија.

Посветеност на сите вработени во остварувањето на зацртаните задачи и активности.

Усогласеност (координација) во работењето и постапувањето односно воедначеност во остварувањето на државноправобранителската функција во и помеѓу утврдените седишта на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во кои се извршува оваа функција на територијата на Република Северна Македонија.

Државно правобранителство на Република Северна Македонија според Акциски документ за ЕУ за Владеење на правото и борбата со корупција и Засилена дигиталација на државните инстутуции во областа на правосудството и борбата со корупција е вклучена на ИПА III Проект за техничка помош ,,
Засилена дигитализација на државните институции во областа на правосудството и борбата со корупција.

Државно правобранителство на Република Северна Македонија во горенаведениот ИПА III Проект е вклучена во Компонента 7 за изготвување CMS – систем за управување со случаи.

Со донесувањето на стратешкиот план и реализирање на приоритетите и целите од истиот, ќе се обезбеди законито, стручно, ефикасно и економично извршување на државноправобранителската функција како основна законска функција на органот на целата територија на Република Северна Македонија и исполнување на Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

***Изработил:*** Diellza Cemena Veliu, Државен советник
***Одобрил:*** Андријана Сливоска, Генерален секретар

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**AVOKATI I SHTETIT**
**I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Bekim Emini**